# КОРУПЦИЈАТА НИЗ ПЕРСПЕКТИВА НА МЛАДИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Перцепции, искуства и импликации
за јавните политики

# КОРУПЦИЈАТА НИЗ ПЕРСПЕКТИВА НА МЛАДИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Перцепции, искуства и импликации за јавните политики**

Аналитички извештај базиран на анкетно истражување со млади

Оваа анализа е изработена во рамки на проектот **"Next Generation Against Corruption: A Youth-Led Response"**, што го спроведува Аналитика тинк тенк, со финансиска поддршка на Амбасадата на Канада за Србија, Северна Македонија и Црна Гора. Содржината на оваа анализа е единствена одговорност на Аналитика – Скопје и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Амбасадата на Канада за Србија, Северна Македонија и Црна Гора.

# Извршно Резиме

Овој извештај ги презентира наодите од истражувањето за перцепциите, искуствата и ставовите на младите во Северна Македонија во однос на корупцијата, како и нејзините ефекти врз нивниот живот, довербата во институциите и подготвеноста за ангажман. Истражувањето опфати млади лица од различни возрасни категории, пол и региони, при што доминира средношколската и студентската популација – група која е во клучна фаза на формирање вредности и општествени ставови.

Резултатите покажуваат дека младите имаат развиена свест за корупцијата како општествен проблем, но нивното знаење најчесто е на средно ниво, со ограничено разбирање на институционалните механизми за спречување и санкционирање. Корупцијата најчесто се асоцира со злоупотреба на моќ, политички влијанија, неправедни вработувања и практики во образованието, што укажува дека младите ја перципираат како системска и структурна појава, а не како изолиран индивидуален чин.

Како главни причини за корупцијата, младите ги идентификуваат партизацијата на институциите, неефикасното судство и слабата контрола и отчетност. Истовремено, корупцијата се перципира како најзастапена во секторите со висока дискрециона моќ и директен контакт со граѓаните, особено во судството, извршната власт, здравството, образованието и вработувањето. Овие наоди се надополнети со изразен дефицит на институционална доверба, при што значителен дел од младите изјавуваат дека немаат доверба во ниту една институција задолжена за борба против корупцијата.

Истражувањето покажува дека корупцијата има силно негативно влијание врз животните одлуки на младите. Најчесто таа се поврзува со иселување, намалена мотивација, чувство на неправда и ерозија на довербата во демократијата. Особено загрижувачки е наодот дека дел од младите ја прифаќаат корупцијата како нормална појава, што укажува на ризик од нејзина долгорочна нормализација.

И покрај ваквите перцепции, резултатите покажуваат висок потенцијал за ангажман. Повеќе од половина од младите изразуваат подготвеност активно да се вклучат во антикорупциски активности, што укажува дека младите не се апатични, туку критични и подготвени за промени доколку постојат реални услови, поддршка и видливи резултати.

Врз основа на наодите, извештајот дава сет на препораки насочени кон институциите, Државната комисија за спречување на корупцијата, образовните установи, младите и младинските организации, граѓанскиот сектор, медиумите и меѓународните партнери. Препораките нагласуваат потреба од институционални реформи, деполитизација, превенција, образование и активно вклучување на младите како клучни чинители во борбата против корупцијата.

Заклучно, извештајот покажува дека корупцијата, од перспектива на младите, претставува сериозна пречка за личен и општествен развој, но и дека постои значителен потенцијал за промена. Искористувањето на младинската подготвеност за ангажман, во комбинација со системски и координирани институционални интервенции, е клучно за спречување на нормализацијата на корупцијата и за градење на поинклузивно и правично општество.

# 1 ВОВЕД И ТЕОРЕТСКА РАМКА

Корупцијата претставува еден од најкомплексните и најдлабоко вкоренети општествени проблеми во Северна Македонија, кој ја поткопува довербата во институциите, го ослабува владеењето на правото и го ограничува економскиот и демократскиот развој. Во поширока смисла, корупцијата дејствува како регресивен фактор кој ја загрозува самата суштина на меритократското општество. Меѓутоа, нејзините ефекти не се ограничуваат само на институционалната сфера, тие директно влијаат и врз младите генерации, кои се соочуваат со корупција во секојдневието: при вработување, во образованието, при користење јавни услуги, па дури и во меѓучовечките односи.

Истражувањето на перцепциите и искуствата на младите со корупцијата претставува клучен чекор за разбирање на нивната позиција, вредносни ставови и степенот на подготвеност да се вклучат во антикорупциски активности. Младите не се само набљудувачи, туку потенцијални агенти на промена кои, доколку се соодветно информирани и поддржани, можат да придонесат кон градење на поотчетно и поинтегритетно општество.

Според последниот Индекс на перцепција на корупцијата (CPI) за 2024 година на Transparency International, земјата бележи загрижувачки тренд на назадување. Имено, во рамките на само една календарска година, Северна Македонија забележа пад од 76-тото место (во 2023 година) на 88-то место во 2024 година, од вкупно 180 рангирани земји. Овој пад е јасен индикатор за отсуството на ефективни реформи во казнената политика и институционалната борба против корупцијата.

Во својот Извештај за 2024 година, Европската комисија (ЕК) повторно констатира „отсуство на напредок“ во клучните поглавја поврзани со борбата против корупцијата. И покрај декларативните заложби на сите извршни власти, клучните препораки – кои главно се фокусираат на усогласување на законската регулатива со правото на ЕУ, имплементација на националните стратегии и целосно спроведување на препораките од ГРЕКО (Група држави против корупција) – остануваат нецелосно исполнети.

## *1.2. Корупцијата во секојдневието: „Влезен билет“ наместо законско право*

За граѓаните на Северна Македонија, корупцијата не е апстрактен политички

поим, туку реалност со која се соочуваат во секоја сфера: од образованието и здравството, до јавната администрација и пазарот на труд. Неретко, коруптивните практики се наметнуваат како „влезен билет“ за остварување на основните, со закон загарантирани права, па дури и како предуслов за опстанок во системот.

Во Северна Македонија, повеќе истражувања покажуваат дека младите имаат изразена свест за присуството на корупцијата, но истовремено и чувство на немоќ и недоверба дека системот може да се промени. Овој феномен создава мачичен к**руг на апатија**, во кој корупцијата станува „нормализирана“ – дел од секојдневната реалност, а не морална девијација.

Ваквата констелација има особено деструктивно влијание врз младите лица (16–26 години). Свесноста дека знаењето, трудот и компетенциите често се потиснати од непотизмот, клиентелизмот и партиските влијанија, кај младите генерира длабока апатија и разочараност. Крајниот резултат на овој дефицит на доверба во системот е масовното иселување на најпродуктивниот дел од популацијата (***brain drain***).

## *1.3. Регионален контекст и младинските перцепции*

Проблемот со корупцијата во Северна Македонија кореспондира со поширoките регионални трендови на Западен Балкан. Наодите од истражувањето „Youth Study Southeast Europe 2024“ укажуваат на тоа дека младите во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија, Бугарија и Северна Македонија ја доживуваат корупцијата како ендемска појава. Студијата нотира дека секторот образование е сериозно контаминиран со практики како што се нелегално плаќање за добивање оценки или дипломи. Овие сличности наметнуваат потреба од заеднички регионален пристап и споделување на добри практики во реформирањето на младинските политики.

## *1.4. Дефиниција за корупцијата: Плурализам на пристапи*

Во меѓународната теорија и легислатива не постои единствена, универзална дефиниција за корупцијата, туку таа се дефинира преку нејзините манифестации:

1. Transparency International ја користи наједноставната, но сеопфатна дефиниција: „Злоупотреба на доверената моќ за приватна корист“.

2. Обединетите нации (UNCAC) ја гледаат како сложен социо-економски феномен кој вклучува злоупотреба на јавна функција за директен или индиректен профит. Конвенцијата се фокусира на идентификување на конкретни коруптивни дела (поткуп, проневера, перење пари) кои треба да бидат инкриминирани во националните системи.

3. Национално законодавство: Според Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (2019), корупцијата се дефинира како злоупотреба на функцијата, овластувањето или службената должност за остварување корист за себе или за друг.

## *1.5. Клучни меѓународни инструменти*

- Конвенција на ОН против корупцијата (UNCAC): Усвоена во 2003 година, таа е единствениот обврзувачки глобален инструмент. Северна Македонија ја ратификуваше во 2007 година, обврзувајќи се на строга криминализација и превенција.

- ГРЕКО (Група на држави против корупција): Формирана од Советот на Европа, таа врши мониторинг преку циклични евалуации. Северна Македонија, како членка од 2000 година, подлежи на постојан надзор за усогласеност со европските антикорупциски стандарди.

## *1.6. Институционален наод: Улогата на ДКСК*

Централно место во антикорупциската архитектура на земјата зазема Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). Како самостојно и независно тело, нејзината надлежност опфаќа антикорупциска проверка на законите, следење на имотната состојба на функционерите и едукација за подигнување на јавната свест. Главниот стратешки документ, Националната стратегија за спречување на корупцијата 2021–2025, е насочена токму кон јакнење на интегритетот и транспарентноста.

# 2 ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И МЕТОДОЛОГИЈА

## *2.1. Цел на истражувањето*

Примарната цел на ова истражување е да се изврши детална анализа на нивото на знаење, личните искуства и вредносните ставови на младите лица во Северна Македонија во однос на феноменот на корупцијата. Истражувањето е дизајнирано да понуди емпириска основа за креирање на идни антикорупциски политики кои би биле поблиски до младата популација.

Специфичните цели на истражувањето се:

**а) Мапирање на точките на контакт:** Идентификување на секторите (образование, здравство, јавна администрација) каде младите најчесто се соочуваат со коруптивни притисоци или каде перципираат највисок степен на злоупотреба;

**б) Евалуација на институционалната доверба:** Анализа на перцепциите за ефикасноста на телата како ДКСК, судството и полицијата, како и подготвеноста на институциите да ги заштитат младите при евентуално пријавување;

**в) Испитување на потенцијалот за активизам:** Процена на подготвеноста на младите за активен отпор против корупцијата, преку граѓански ангажман, волонтеризам или користење на дигитални алатки за отчетност;

**г) Анализа на социјалните фактори:** Утврдување на влијанието на социјалниот статус (студент, вработен, невработен) врз ставовите за „нормализација" на корупцијата во општеството;

**д) Креирање препораки:** Формулирање на конкретни насоки за образовните институции и граѓанскиот сектор со цел поттикнување на култура на интегритет.

## *2.2. Методологија на истражувањето*

Истражувањето е спроведено со примена на квантитативен метод за прибирање податоци, прилагоден за потребите на дескриптивна и компаративна анализа.

• **Инструмент за истражување:** Користен е структуриран анонимен анкетен прашалник, дистрибуиран преку платформата *Google Forms*. Прашалникот беше


CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives Fonds canadien d'initiatives locales
Canada
analytica thinking laboratory...

прецизно конструиран да опфати 15 клучни тематски прашања, поделени во три сегменти:

1. **Демографски профил:** Возраст, пол, место на живеење и тековен статус;
2. **Перцепции и знаење:** Препознавање на формите на корупција и оцена на личната информираност;
3. **Искуства и решенија:** Соочување со корупција во секојдневието и ставови за идни реформи.

- **Прашањата беа од тип:**
  1. Затворени прашања со еден или повеќе избори,
  2. Ликертова скала (1–5) за степен на согласност,
  3. Отворени прашања за коментари и објаснувања.

- **Целна група и примерок:** Истражувањето опфати вкупно 304 испитаници (N=304). Примерокот е доминантно составен од млади лица на возраст од 16 до 26 години, со значаен фокус на средношколската популација (61.1%), студентите (8.5%) и младите вработени лица (19.1%).

- **Географски опфат и дистрибуција:** Анкетата беше дистрибуирана на национално ниво, со фокус на урбаните центри (Скопје, Гостивар, Струмица и др.), користејќи дигитални канали за комуникација, младински организации и образовни мрежи.

- **Временска рамка**: Прашалникот беше отворен за пополнување во текот на **октомври 2025 година**, а анализата на податоците беше изработена во **ноември 2025 година**.

- **Етички стандарди и обработка:** Сите податоци се прибрани на доброволна основа со загарантирана анонимност на испитаниците. Обработката на податоците е извршена преку статистичка софтверска анализа (Excel/Google Sheets), вклучувајќи **крос-табулација** за споредба на ставовите меѓу различните социјални групи (на пр. вработени наспроти студенти).

- **Ограничувања:** Иако примерокот од 304 испитаници нуди силни индикативни наоди за ставовите на младите, истражувањето не претендира на апсолутна национална репрезентативност, туку служи како квалитетна дијагностичка алатка за тековните трендови кај целната група. Поради онлајн пристапот, можно е **поголемо учество на урбани и дигитално активни млади**. Сепак, структурата на одговорите покажува значајна **разновидност на искуства и ставови**, што овозможува веродостојни заклучоци и препораки за политики.

# 3 КОНТЕКСТ И ПОДДРШКА НА ПРОЕКТОТ

Истражувањето е спроведено во рамки на проектот „**Ново партнерство – Нова борба против корупцијата!**“, поддржан од **Амбасадата на Канада за Србија, Северна Македонија и Црна Гора (Embassy of Canada to Serbia, North Macedonia and Montenegro)**. Главниот фокус на овој проект е системско зголемување на младинското и граѓанското учество во борбата против корупцијата и организираниот криминал во локалните заедници.

Проектот се заснова на неколку столба:

- **Емпириско истражување:** Мапирање на реалната состојба преку анкетирање на 304 млади лица.
- **Едукација и капацитети:** Спроведување обуки и младински форуми за запознавање со механизмите за спречување на корупцијата.
- **Јавна дијалог:** Организирање јавни дебати и креативни герила акции со цел подигнување на јавната свест.

Нашата порака е јасна и недвосмислена: **Младите не се алка во синџирот на корупцијата, туку клучниот фактор за негово раскинување.** Преку соработка со релевантни институции и локални организации, овој проект тежнее кон градење на поодговорна, потранспарентна и поактивна заедница во која интегритетот е врвна вредност.

# 4 АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Анализата ги обработува резултатите од сите 15 прашања од анкетата, групирани во тематски целини. Податоците се интерпретирани преку процентуални вредности, графички прикажувања и аналитички толкувања што ја објаснуваат логиката и контекстот зад одговорите.

## *4.1. Демографски карактеристики на испитаниците*

Резултатите покажуваат дека истражувањето опфатило претежно **младинска популација во средношколска возраст (16–18 години)** – дури 69% од испитаниците. Втората најбројна група е возрасната категорија 19–22 години (речиси 18%), а помал дел се млади 23–26 години (13%). Оваа распределба покажува дека **фокусот е на генерацијата што се наоѓа во процес на образование**, која допрва го оформува своето вредносно разбирање на општествените процеси, вклучително и корупцијата.




Според полот, застапеноста е **балансирана** – 51.8% жени и 47.5% мажи, што овозможува анализа на родовите аспекти без системско искривување.




Регионално, **половина од испитаниците доаѓаат од Скопје (50%)**, а останатите претежно од **Струмица (26%)** и **Гостивар (23%)**. Иако истражувањето не вклучува сите плански региони, ваквата распределба дозволува **индикативен увид во урбано-руралната димензија** – од главниот град до помали градови со различни општествени модели.




Што се однесува до тековниот статус, 68.9% се средношколци, 14.4% студенти и 10.5% вработени лица. Тоа значи дека **повеќето учесници се во системот на образование**, каде што корупцијата може да се манифестира преку непотизам, подароци, купување оценки или фаворизирање.


CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives Fonds canadien d'initiatives locales
Canada
analytica thinking laboratory...

График 4: Тековен статус на испитаниците




Примерокот рефлектира профил на **активна младинска група**, со јасен интерес и изложеност на општествени процеси, што овозможува релевантна проценка на младинската перцепција за корупција.

### *4.2. Самооценка на знаењето за корупцијата*

На прашањето *„Како би го оцениле вашето знаење за корупцијата?“* повеќето испитаници избрале **вредност 3 од 5** (45.9%), што претставува **средно ниво на информираност**. Просечната оценка изнесува 3.04, што значи дека младите се **свесни за феноменот**, тие имаат основна свесност за поимот и појавните

График 5: Самооценка на знаење за корупцијата



облици на корупцијата, но немаат целосно познавање за неговите механизми и институционални решенија. Интересно е што 22.6% ја оцениле својата информираност со „2“ (ниско ниво), додека само 26 испитаници (8.9%) се чувствуваат високо информирани (оценка 5). Ова укажува дека иако **темата е присутна во јавниот дискурс**, младите немаат **систематско образование за корупцијата**. Исто така, ова упатува на постоење на **јаз помеѓу препознавањето на корупцијата како општествен проблем и разбирањето на нејзините институционални механизми, последици и начини за пријавување.** Овој наод ја нагласува потребата од насочени едукативни интервенции и вклучување на антикорупциски содржини во формалното и неформалното образование на младите.

Корупцијата е препознаена како појава, но **не постои критичко знаење** за тоа како функционира, како се санкционира и која е улогата на граѓанинот во спречување.

## *4.3. Асоцијации на поимот „корупција“*

Податоците прикажани на Графикон 6 покажуваат дека најголем дел од младите ја поврзуваат корупцијата со **злоупотреба на моќ и позиција**, што го навеле 47.2% од испитаниците. Оваа категорија е најчесто посочена и јасно доминира во однос на другите асоцијации. Следна по зачестеност е асоцијацијата со **купување оценки**, која ја навеле 36.1% од испитаниците. Понатаму, 29.2% од испитаниците ја поврзуваат корупцијата со **неправедни вработувања и влез во јавната администрација**. Околу една петтина од испитаниците ја асоцираат корупцијата со **поткуп за административни услуги** (22.3%) и со **неправедни тендери и јавни набавки** (22.0%). Дополнително, 21.0% ја наведуваат **манипулацијата во судството** како значајна асоцијација со корупцијата. Најмал удел на испитаници ја поврзуваат корупцијата со **фаворизирање и непотизам**, што го навеле 16.7% од анкетираните.

График 6: Асоцијации со поимот „корупција"



Резултатите покажуваат дека младите ја поврзуваат корупцијата пред сѐ со злоупотреба на моќ и позиција, како и со незаконско стекнување лична корист. Овие асоцијации укажуваат дека корупцијата најчесто се доживува како појава што произлегува од асиметријата на моќ помеѓу институциите и граѓаните, а не како изолиран индивидуален чин. Високата застапеност на асоцијации поврзани со **неправедни вработувања и купување оценки** дополнително ја потврдува перцепцијата дека корупцијата директно влијае врз еднаквите можности и социјалната правда. Дополнително, значителен дел од испитаниците ја асоцираат корупцијата со поткуп, непотизам и партиски влијанија, што упатува на перцепција за корупцијата како системски и структурен проблем. Ова укажува дека кај младите постои јасна свест за врската помеѓу корупцијата и начинот на функционирање на јавната администрација, вработувањата и распределбата на ресурси.

Дополнително, ова упатува на тоа дека младите ја доживуваат корупцијата како појава што најсилно се манифестира во секојдневните интеракции со институциите и образовниот систем. Ваквата распределба на одговорите покажува дека младите не ја перципираат корупцијата само како правен прекршок, туку како широк општествен феномен што ја нарушува правичноста, еднаквите можности и довербата во институциите. Овој наод е особено важен за креирање на антикорупциски политики и образовни програми, бидејќи укажува на високо ниво на интуитивно разбирање на суштината на корупцијата кај младата популација.

Младите имаат **широка дефиниција за корупција**, што е позитивен сигнал за морална чувствителност, но истовремено укажува дека тие ја перципираат како **сеприсутен и нормализиран феномен**.

## *4.4. Причини за корупцијата*

Податоците од Графикон 7 покажуваат дека најголем дел од младите ја сметаат **политичката влијателност и партизацијата на институциите** за главна причина за појава на корупција, што го навеле 61.0% од испитаниците. Како следна по значење причина се издвојува **слаботo и неефикасно судство**, наведено од 35.1% од испитаниците. Понатаму, приближно една четвртина од испитаниците како причини ја посочуваат **недоволната контрола и надзор од страна на државата** (26.6%), **сиромаштијата и ниските примања** (26.6%) и **недостатокот на етика и лична одговорност кај носителите на функции** (26.2%). Најмал удел од испитаниците, 20.0%, сметаат дека корупцијата произлегува од **толеранцијата кон корупција и ниската свест кај граѓаните**.




Резултатите од График 7 укажуваат дека младите корупцијата првенствено ја перципираат како системски и политички детерминиран проблем, а не како последица на индивидуални морални слабости. Доминацијата на политичките влијанија и партизацијата на институциите како најчесто наведена причина укажува на силно изразена недоверба во автономијата и професионалноста на јавните институции. Високата застапеност на одговорите поврзани со неефикасното судство дополнително ја зајакнува оваа перцепција, бидејќи укажува дека младите ја препознаваат слабата казнивост како клучен механизам преку кој коруптивните практики се одржуваат и репродуцираат. Ова укажува дека, според младите, проблемот не е само во постоењето на корупција, туку во недостатокот на ефикасни институционални реакции. Причините како сиромаштијата, ниските примања и недостатокот на лична етика се застапени со значително помал удел, што сугерира дека младите во помала мера ја оправдуваат корупцијата преку економски или индивидуални фактори. Наместо тоа, корупцијата се доживува како резултат на структурни слабости, политичка контрола и неефикасни механизми на надзор, што ја нагласува потребата од институционални реформи и деполитизација како клучни предуслови за нејзино намалување.

Наодите од двата графикони (6 и 7) упатуваат на тоа дека младите корупцијата ја доживуваат како последица на институционални и политички влијанија, а не како индивидуален морален проблем. Конкретните коруптивни практики што најчесто се препознаваат од Графикон 6 се директно поврзани со причините наведени во Графикон 7, особено со партизацијата и слабата институционална контрола. Ова укажува дека, според младите, корупцијата е структурно вградена во начинот на функционирање на институциите, што ја ограничува нејзината превенција преку поединечни мерки.

## *4.5. Области каде што корупцијата е најзастапена*

Податоците од Графикон 8 покажуваат дека младите ја перципираат корупцијата како најзастапена во **судството и обвинителството**, што го навеле 58.7% од испитаниците. Следуваат **владата и министерствата** со 43.3% и **здравството** со 40.3%. Понатаму, значителен дел од испитаниците ја посочуваат **образовната сфера** (30.2%) и **полицијата и безбедносните служби** (27.9%) како области со изразена корупција. Помал, но сепак значаен удел, корупцијата ја поврзуваат со **општините и локалната самоуправа** (23.0%) и со **јавните набавки и тендери** (18.0%). Најмал удел одговори се однесуваат на **социјалните служби и институции** (7.5%).

График 8: Области во кои корупцијата е најзастапена




Овие податоци совпаѓаат со јавните перцепции што редовно ги бележат *Transparency International* и *European Commission* . Правосудството е перципирано како најкорумпиран сектор, што дополнително го ослабува чувството на правична држава кај младите. Фактот што здравството се наоѓа меѓу првите три укажува на **висока чувствителност на младите кон корупција во јавни услуги**, особено оние што директно влијаат на секојдневниот живот.

Перцепцијата на младите дека корупцијата е најзастапена во судството, извршната власт и здравството е во согласност со наодите и препораките содржани во извештаите на Државната комисија за спречување на корупцијата. Во своите годишни извештаи, Комисијата континуирано укажува на висок ризик од корупција поврзан со политичко влијание, судири на интереси и слаби механизми на отчетност во овие сектори. Дополнително, ваквата перцепција кореспондира и со наодите на Државниот завод за ревизија, кој преку ревизорските извештаи

редовно идентификува системски слабости во управувањето со јавните средства, особено во здравството, јавната администрација и институциите со значајна дискрециона моќ. Забелешките за недоволна контрола, неефикасни внатрешни механизми и ограничена имплементација на препораките се директно поврзани со областите што младите ги препознаваат како најпроблематични. Во таа смисла, перцепциите на младите прикажани во Графикон 8 не претставуваат изолиран став, туку се усогласени со институционалните наоди на националните надзорни тела. Ова дополнително ја потврдува валидноста на резултатите и укажува дека младите јасно ги идентификуваат истите структурни проблеми кои со години се предмет на ревизорски и антикорупциски препораки.

## *4.6. Доверба во институциите*

На прашањето во која институција имаат најмногу доверба за борба против корупцијата, резултатите се следни:

- **најмногу доверба имаат во Државната комисија за спречување на корупцијата** (ДКСК) – 32.5%
- значителен удел од испитаниците, 29.5%, изјавиле дека **немаат доверба во ниту една од наведените институции**.
- Понизок степен на доверба е евидентиран кај Ј**авно обвинителство** – 10.5%
- **И најнизок кај Полицијата и Владата** – по 8.5%
- при што ниту една од овие институции не се издвојува со значително повисок процент на доверба.






CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives Fonds canadien d'initiatives locales
Canada
analytica thinking laboratory...

Резултатите укажуваат на изразен **дефицит на институционална доверба меѓу младите**, особено кон институциите кои имаат директна надлежност за санкционирање на корупцијата. Фактот што речиси една третина од испитаниците не изразуваат доверба во ниту една институција укажува на перцепција на **неефикасен и недоволно кредибилен антикорупциски систем**. Иако Државната комисија за спречување на корупцијата се издвојува со највисок процент на доверба, овој резултат не укажува на висока институционална легитимност во апсолутна смисла, туку повеќе на **релативна доверба** во споредба со останатите институции. Ова сугерира дека младите ја перципираат Комисијата како поавтономна или поотворена, но истовремено не доволно моќна за да обезбеди видливи и системски резултати без поддршка од другите институции.

**Резултатите од Графиконите 6–9 покажуваат дека младите ја перципираат корупцијата како** системски проблем поврзан со функционирањето на институциите, а не како поединечна девијантна појава. Перцепцијата за висока застапеност на корупција во клучни сектори и истовремената ниска доверба во институциите задолжени за нејзино спречување укажуваат на чувство на неефикасност и ограничена отчетност. Ова сугерира дека борбата против корупцијата, од перспектива на младите, бара институционални, а не изолирани или симболични интервенции.

## *4.7. Начини на соочување со корупција*

Податоците од Графикон 10 покажуваат дека најголем дел од младите се сретнале со корупција преку блиски лица (семејство, пријатели), што го навеле 45.6% од испитаниците. Понатаму, 21.6% од младите изјавиле дека со корупцијата се сретнале само преку медиумите, додека 18.7% навеле дека имаат лично искуство со корупција. Истовремено, 14.1% од испитаниците изјавиле дека никогаш не се сретнале со корупција.

Фактот што најголем дел од младите корупцијата ја доживуваат индиректно, преку искуствата на блиски лица, укажува дека корупцијата е перципирана како широко распространета општествена појава, дури и кога не е директно лично доживеана. Ова сугерира дека корупцијата е дел од секојдневниот општествен наратив и колективно искуство, а не исклучиво резултат на поединечни ситуации. Релативно високиот удел на испитаници со лично искуство со корупција укажува дека коруптивните практики не се апстрактен или далечен феномен, туку појава со која дел од младите директно се соочуваат. Во исто време, значителниот процент на млади кои корупцијата ја перципираат исклучиво преку медиумите може да укажува на недоверба во институционалните канали за пријавување, но и на улогата на медиумите како клучен извор на информации и обликување на перцепциите. Уделот на млади кои никогаш не се сретнале со корупција укажува дека искуството со корупција не е униформно, што отвора простор за понатамошна анализа на факторите што влијаат врз изложеноста, како што се возраста, типот на институционален контакт или социо-економскиот контекст.




Овие наоди се вклопуваат во пошироките трендови забележани во истражувањата за перцепција на корупцијата, каде корупцијата често се доживува како појава за која се „знае дека постои", дури и кога не е секогаш директно искусена. Индиректното искуство преку блиски лица ја зајакнува нормализацијата на корупцијата како општествен факт, додека улогата на медиумите дополнително ја формира јавната свест и чувството дека корупцијата е присутна во секојдневието. Во таа смисла, резултатите укажуваат дека борбата против корупцијата не треба да се фокусира исклучиво на санкционирање, туку и на **превенција, охрабрување на пријавување и градење доверба во институциите**, со цел личните и индиректните искуства со корупција да не се прифаќаат како нормална појава.

## *4.8. Области во кои младите лично се сретнале со корупција*

Податоците од Графикон 11 покажуваат дека младите најчесто се соочиле со корупција во областа на вработувањето, што го навеле 23.6% од испитаниците. Корупција е евидентирана и во полицијата, што го навеле 17.0% од испитаниците. Следува образованието (оценки, дипломи, уписи), каде 14.1% од младите пријавиле искуство со корупција, како и во здравството (услуги во болници) со 11.8%. Понатаму, 9–10% од испитаниците изјавиле дека се соочиле со корупција во судството и обвинителството, додека јавните набавки и тендери и административните услуги се наведени со најнизок удел, под 10% од одговорите.

Распределбата на одговорите укажува дека младите најчесто се соочуваат со корупција во области што имаат **директно влијание врз нивниот образовен, професионален и социјален развој**. Доминирањето на вработувањето и образованието како области со најчесто пријавено искуство сугерира дека


CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives Fonds canadien d'initiatives locales
Canada
analytica thinking laboratory...




корупцијата се доживува како сериозна пречка за еднаков пристап до можности и фер третман. Присуството на корупција во здравството, полицијата и правосудството дополнително укажува на проблеми во секторите со висок степен на дискрециона моќ и директен контакт со граѓаните. Ова укажува дека корупцијата не се перципира само како институционален или „висок" проблем, туку како појава што се манифестира во секојдневни ситуации и услуги. Во контекст на претходните наоди (График он 10), резултатите од График 11 потврдуваат дека искуството со корупција кај младите е конкретно и лоцирано во одредени сектори, а не е општа перцепција. Ова ја нагласува потребата антикорупциските мерки да бидат насочени кон **конкретни области со висок ризик**, особено оние што директно влијаат врз животните шанси на младите.

## *4.9. Родова перспектива: „Секстророрција"*

Испитаниците, одговарајќи на прашањето *„Колку сте согласни со следната изјава: 'Жените почесто се изложени на ризик од т.н. сексуална корупција (барање интимни услуги наместо пари или ресурси)'*, најчесто заземаат неутрален став, при што 35.7% од нив изјавиле дека **ниту се согласуваат ниту не се согласуваат** со наведената изјава.

Истовремено, 25.9% од испитаниците изразиле согласност со изјавата, од кои 12.8% се согласуваат, а 13.1% целосно се согласуваат, што укажува дека значителен дел од младите го препознаваат ризикот од ваква форма на корупција.

Од друга страна, 38.3% од испитаниците не се согласуваат со изјавата, при што 22.6% воопшто не се согласуваат, а 15.7% не се согласуваат, што укажува на изразена поделеност во ставовите по ова прашање.

Резултатите укажуваат на изразена амбивалентност и недоволно јасна артикулација на поимот т.н. „сексуална корупција“ меѓу младите. Високиот удел на неутрални одговори сугерира дека значителен дел од испитаниците немаат формиран јасен став за тоа дали жените се почесто изложени на ваков ризик, што може да се поврзе со недоволна видливост на оваа појава во јавниот дискурс и ограничена институционална препознаеност.

График 12: Согласност со изјавата дека жените се изложени на ризик од „сексторзија“




Истовремено, фактот дека околу една четвртина од испитаниците изразуваат согласност со изјавата укажува дека „сексторзијата“ е препознаена како реален ризик од значаен дел од младите. Ова особено добива тежина ако се има предвид дека станува збор за форма на злоупотреба која најчесто се одвива во контексти на асиметрија на моќ, каде жртвите се соочуваат со сериозни бариери за пријавување, вклучително и страв од стигматизација, институционална недоверба и секундарна виктимизација. Од друга страна, релативно високиот удел на испитаници кои не се согласуваат со изјавата може да укажува дека дел од младите ја перципираат корупцијата првенствено низ призма на финансиски или материјални трансакции, при што нематеријалните облици на злоупотреба на моќ остануваат помалку препознаени. Ова укажува на постоење на концептуален јаз во разбирањето на корупцијата и нејзините различни манифестации.

Наодите од ова истражување се во согласност со заклучоците на повеќе меѓународни и регионални извештаи кои укажуваат дека „сексторзијата“ претставува недоволно видлива и слабо пријавена форма на корупција. *Transparency International* ја дефинира сексуалната корупција како злоупотреба на доверена моќ со цел добивање сексуални услуги и укажува дека оваа појава е особено распространета во сектори со висока дискрециона моќ, како што се образованието, здравството, полицијата и јавната администрација.


CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives Fonds canadien d'initiatives locales
Canada
analytica thinking laboratory...

Дополнително, извештаите на UNDP и UNODC нагласуваат дека ваквите практики ретко се регистрираат во официјалните статистики, токму поради недоволно јасни правни дефиниции, слабите механизми за заштита на жртвите и ниската доверба во институциите. Во овој контекст, поделените ставови забележани кај младите во Северна Македонија може да се толкуваат како одраз на поширок структурен проблем, а не како отсуство на самата појава.

Понатаму, родово-сензитивните анализи во рамки на извештаите за владеење на правото и корупцијата укажуваат дека жените почесто се изложени на нематеријални форми на злоупотреба, особено во ситуации на економска зависност или ограничен пристап до институционална заштита. Во таа смисла, резултатите од ова истражување укажуваат на потреба од систематско интегрирање на родовата перспектива во антикорупциските политики, како и од јасно институционално препознавање и адресирање на сексуалната корупција како посебен ризик.

## *4.10. Перципирани ефекти од корупцијата врз младите*

Испитаниците најчесто се согласуваат дека корупцијата има силно негативно влијание врз животните одлуки на младите. Највисок процент, 63.3% од испитаниците, изјавиле дека **корупцијата ги тера младите да ја напуштат државата и да бараат подобри можности во странство**. Понатаму, 48.5% од испитаниците сметаат дека **корупцијата ја намалува мотивацијата кај младите**, бидејќи трудот и знаењето не се вреднуваат. Дополнително, 28.5% наведуваат дека **корупцијата создава недоверба кај младите во институциите и демократијата**. Истовремено, 21.0% од испитаниците сметаат дека **корупцијата ја намалува желбата на младите за активно учество во општествениот живот**, додека 21.6% наведуваат дека **младите ја прифаќаат корупцијата како нормална појава во општеството**.

График 13: Перципирани ефекти од корупцијата врз младите
(n = 305, можни најмногу два одговори)



Резултатите укажуваат дека корупцијата се перципира како еден од клучните структурни фактори што директно ги обликува одлуките и ставовите на младите. Доминирањето на иселувањето како најчесто наведена последица укажува дека младите ја доживуваат корупцијата како системска пречка за личен и професионален напредок, а не како изолиран институционален проблем.

Намалувањето на мотивацијата кај младите дополнително укажува на ерозија на принципите на заслуга и правичност, при што вложениот труд и знаење не се доживуваат како доволни за успех. Ова создава чувство на бесперспективност и ја ослабува врската меѓу младите и институционалниот систем.

Создавањето недоверба во институциите и демократијата, како и намалената желба за активно учество во општествениот живот, укажуваат на пошироки демократски последици од корупцијата. Особено загрижувачки е фактот што дел од младите ја прифаќаат корупцијата како нормална појава, што укажува на ризик од нејзина генерациска нормализација и долгорочно слабеење на антикорупциските напори.

Наодите од Графикон 13 се во согласност со резултатите од повеќе регионални и меѓународни истражувања кои ја идентификуваат корупцијата како еден од клучните фактори што придонесуваат за иселување на младите, намалена мотивација и ерозија на институционалната доверба во земјите од Западен Балкан.

Според *Transparency International*, корупцијата во регионот често се поврзува со перцепции за недостиг на фер можности, партизација и клиентелизам, што особено ги погодува младите и високообразованите групи. Во нивните регионални анализи за Западен Балкан (Global Corruption Barometer – Western Balkans), младите испитаници во повеќе земји наведуваат дека корупцијата директно влијае врз нивната одлука да ја напуштат земјата, поради чувството дека трудот и знаењето не се вреднувани.

Слични наоди се забележани и во истражувањата на *Regional Cooperation Council (RCC)* и *Friedrich-Ebert-Stiftung (FES)* за младите во Југоисточна Европа, каде корупцијата се идентификува како значаен „push factor" за brain drain, заедно со слабата доверба во институциите и ограничените можности за социјална мобилност. Овие истражувања укажуваат дека корупцијата не се перципира само како правен или морален проблем, туку како структурна бариера за животен напредок.

Дополнително, *OECD* и *UNDP* во своите извештаи за владеење на правото и младинска вклученост во регионот нагласуваат дека корупцијата придонесува кон намалено граѓанско учество и политичка апатија кај младите, што е во согласност со наодите од ова истражување за намалена желба за активно учество и прифаќање на корупцијата како „нормална појава".

Во таа смисла, овие резултати не претставуваат изолиран случај, туку се вклопуваат во поширокиот регионален образец каде корупцијата делува како **структурен фактор што истовремено ја поттикнува миграцијата, ја намалува мотивацијата и ја поткопува институционалната доверба кај младите**.


CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives Fonds canadien d'initiatives locales
Canada
analytica thinking laboratory...

## *4.11. Најделотворни мерки за намалување на корупцијата*

Најголем дел од испитаниците, 53.1%, сметаат дека **независно и ефикасно судство** е најважната мерка за намалување на корупцијата во земјата. Следува **заштитата и охрабрувањето на пријавувачите на корупција**, што ја избрале 42.3% од испитаниците, што укажува на силна поддршка за механизми на пријавување и заштита од одмазда. Понатаму, 33.4% од испитаниците ја издвојуваат потребата од **подобро образование и етичко воспитување**, додека 31.5% сметаат дека **зголемената транспарентност на институциите** е клучна мерка. **Подигањето на свеста кај граѓаните** е наведено од 28.2%, а **подобрата контрола врз јавните трошоци** од 21.3% од испитаниците. Најмал дел од испитаниците ја издвојуваат **поддршката од меѓународната заедница (8.9%)** и **поголемата улога на медиумите и истражувачкото новинарство (7.5%)** како најефикасни мерки.

Резултатите јасно укажуваат дека младите најголем акцент ставаат на **внатрешни, институционални реформи**, а не на надворешна поддршка. Доминантната улога на независното судство ја одразува перцепцијата дека корупцијата е пред сè проблем на неказнивост и селективна правда.

График 14: Перципирани најефикасни мерки за намалување на корупцијата




Високата поддршка за заштита на пријавувачите укажува на препознавање на стравот од одмазда како клучна пречка за откривање на корупцијата. Истовремено, значењето што им се дава на образованието, транспарентноста и јавната свест укажува дека младите корупцијата ја гледаат и како **вредносен и културен проблем**, а не исклучиво како правен. Релативно ниската застапеност на медиумите и меѓународната заедница може да укажува на скепса кон нивната ефикасност без паралелни домашни институционални промени.

Овие наоди се во согласност со регионалните истражувања кои укажуваат дека граѓаните во Западен Балкан најголема доверба и очекувања имаат од судските реформи и механизмите за отчетност, додека надворешната поддршка се смета за секундарна доколку не е проследена со внатрешна политичка волја.

## *4.12. Подготвеност за вклучување во активности*

Податоците покажуваат високо ниво на подготвеност кај младите за вклучување во антикорупциски активности. Најголем дел од испитаниците, 54.5%, изјавиле дека **би се вклучиле активно** во активности како активизам, волонтирање, кампањи или едукативни иницијативи.

Дополнително, 31.0% од испитаниците навеле дека **можеби би се вклучиле**, при што нивната подготвеност зависи од видот на активноста. Само 14.5% од испитаниците изјавиле дека **не се заинтересирани** за ваков тип на вклучување.




Резултатите укажуваат дека и покрај изразената недоверба во институциите и негативните ефекти од корупцијата идентификувани во претходните графици, младите покажуваат **висок потенцијал за ангажман и општествена мобилизација.** Високиот процент на испитаници кои се подготвени активно да се вклучат укажува дека постои значајна база за развој на граѓански и младински антикорупциски иницијативи.

Истовремено, значителниот удел на млади кои изразуваат условна подготвеност („зависи од активноста“) укажува на потребата активностите да бидат **релевантни, практични и јасно насочени, со видливи резултати и јасна улога за учесниците**. Нискиот процент на незаинтересирани млади дополнително потврдува дека апатијата не е доминантна, туку дека недовербата најчесто се однесува на институциите, а не на самата идеја за ангажман.

Во целина, наодите од Графиконите 13–15 покажуваат дека младите јасно ги препознаваат негативните ефекти од корупцијата, имаат јасни ставови за приоритетните мерки за нејзино намалување и, што е особено значајно, покажуваат висока подготвеност за лично вклучување во антикорупциски активности. Ова укажува дека постои реална основа за градење на одржливи, младински насочени антикорупциски иницијативи доколку тие бидат соодветно дизајнирани и поддржани.

## *4.13. Поврзаност помеѓу клучните наоди*

Овој дел презентира селективна крос-анализа на резултатите од анкетата со цел да се испита дали постојат видливи разлики во перцепциите, искуствата и ставовите на младите во зависност од нивните демографски и статусни карактеристики. Крос-анализата има индикативен карактер и служи за продлабочување на интерпретацијата на претходно презентираните наоди, без примена на статистички тестови.

### *4.13.1. Возраст и самооценка на знаењето за корупцијата*

Крос-анализата по возрасни категории укажува дека постарите испитаници (19–22 и 23–26 години) почесто ја оценуваат својата информираност за корупцијата со повисоки оценки (4 и 5), во споредба со најмладата група (16–18 години), кај која доминира средна или пониска самооценка. Овој наод е очекуван и укажува дека со зголемување на возраста, образовното искуство и контактот со институциите, младите развиваат поголема свесност и разбирање за корупцијата како општествен и институционален проблем. Истовремено, резултатите сугерираат дека најмладата група претставува критична целна група за рани едукативни интервенции.

### *4.13.2. Пол и ставови за „сексуална корупција“ (сексторзија)*

Крос-анализата според пол покажува разлики во ставовите за ризикот од т.н. сексуална корупција. Жените почесто изразуваат согласност со изјавата дека жените се почесто изложени на ваков ризик, додека кај машките испитаници е повисок уделот на несогласување или неутрални одговори. Ова укажува дека личното и општественото искуство, како и родовата позиција, влијаат врз перцепцијата на нематеријалните форми на корупција. Разликите не упатуваат на поларизација, туку на различна чувствителност и препознавање на појавата, што ја нагласува потребата од родово-сензитивен пристап во антикорупциската едукација.

### *4.13.3. Место на живеење и доверба во институциите*

При споредба на одговорите според место на живеење, се забележуваат умерени разлики во нивото на институционална доверба. Испитаниците од помалите градови (Струмица и Гостивар) релативно почесто изразуваат доверба во

одредени институции, додека испитаниците од Скопје почесто наведуваат дека немаат доверба во ниту една од понудените институции. Ова може да се поврзе со почести и подиректни контакти со централните институции во главниот град, што потенцијално води кон поизразена критичност и скепса. Наодот укажува дека институционалната доверба не е униформна и дека урбаниот контекст може да влијае врз перцепцијата на институционалната ефикасност.

### *4.13.4. Лично искуство со корупција и области на соочување*

Крос-анализата помеѓу начинот на соочување со корупција (лично искуство наспроти индиректно искуство) и областите каде што корупцијата е доживеана покажува дека личното искуство е најчесто поврзано со вработување, полиција и образование. Кај испитаниците кои ја доживуваат корупцијата преку блиски лица, почесто се спомнуваат пошироки институционални области, како судството или јавната администрација. Ова укажува дека директното искуство со корупција кај младите е концентрирано во конкретни, животно релевантни ситуации, додека индиректното искуство придонесува кон поширока перцепција за системска распространетост на корупцијата.

### *4.13.5. Статус на испитаниците и перципирани ефекти од корупцијата*

Според тековниот статус, студентите и вработените почесто ја истакнуваат корупцијата како фактор што поттикнува иселување и создава недоверба во институциите, додека кај средношколците почесто се нагласува намалувањето на мотивацијата и чувството дека трудот и знаењето не се вреднувани. Ова укажува дека перципираните ефекти од корупцијата се менуваат во зависност од фазата на живот и степенот на директна изложеност на пазарот на труд и институционалните процедури. Наодот дополнително ја потврдува врската помеѓу корупцијата и животните одлуки на младите, особено во контекст на идното останување или иселување од земјата.


CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives Fonds canadien d'initiatives locales
Canada
analytica thinking laboratory...

# 5 РЕЗИМЕ НА КЛУЧНИ НАОДИ

Ова поглавје ги сумира клучните наоди од анкетата спроведена меѓу млади лица, со цел да се добие појасна слика за нивната информираност, перцепции и лични/индиректни искуства поврзани со корупцијата, како и нивните ставови за институционалната доверба, најделотворните мерки и подготвеноста за вклучување во антикорупциски активности. Резултатите се презентирани преку процентуални показатели и тематски интерпретации, при што фокусот е на логиката зад одговорите и нивната поврзаност со поширокиот институционален и општествен контекст.

Истражувањето опфаќа претежно **младинска популација во средношколска возраст (16–18 години: 69%)**, со **балансирана застапеност по пол (51.8% жени; 47.5% мажи)**. Најголем дел од испитаниците доаѓаат од **Скопје (50%)**, потоа **Струмица (26%)** и **Гостивар (23%)**, а по тековен статус доминираат **средношколци (68.9%)**, по што следуваат **студенти (14.4%)** и **вработени (10.5%)**. Овие карактеристики укажуваат дека перцепциите во најголема мера произлегуваат од млади кои се во образовниот систем и во чувствителна фаза на формирање ставови и вредносни ориентации.

Во однос на информираноста, младите најчесто се самооценуваат со **средно ниво на знаење за корупцијата**. Најзастапена е оценката **3/5 (45.9%)**, при што **просечната оценка е 3.04**, а високата самодоверлива информираност е ограничена (**оценка 5: 8.9%**). Ова укажува дека корупцијата е препознаена како поим и проблем, но недостига систематско разбирање за механизмите, институционалните надлежности и каналите за пријавување.

Кога слушаат „корупција", младите најчесто ја поврзуваат со **злоупотреба на моќ и позиција (47.2%)**, **купување оценки (36.1%)** и **неправедни вработувања/влез во јавната администрација (29.2%)**, што јасно ја позиционира корупцијата како тема поврзана со **правичност, заслуга и еднакви можности**. Како главни причини за корупцијата доминира **политичката влијателност и партизацијата (61.0%)**, а потоа **слаботo и неефикасно судство (35.1%)**, што упатува на перцепција за корупцијата како **структурен, институционален и политички детерминиран проблем**, а не како индивидуална морална слабост.

Во поглед на секторите каде корупцијата е најзастапена, младите највисоко ги рангираат **судството и обвинителството** (58.7%), **владата и министерствата** (43.3%) и **здравството** (40.3%), а значаен дел посочува и **образование** (30.2%) и **полиција/безбедносни служби** (27.9%). Овие перцепции се надополнуваат со резултатите за доверба: најмногу доверба има во **ДКСК** (32.5%), но речиси ист удел (29.5%) нема доверба во **ниедна** од наведените институции, што укажува на сериозен **дефицит на институционален кредибилитет** и чувство дека системот за спречување и санкционирање на корупцијата не продуцира видливи резултати.

Искуството со корупција кај младите најчесто е **индиректно**, преку блиски лица (45.6%), но постои и релевантен удел на испитаници со **лично искуство** (18.7%), додека 21.6% ја поврзуваат темата исклучиво со медиумите. Кај оние што се соочиле со корупција, најчесто тоа се случува во **вработување** (23.6%), **полиција** (17.0%), **образование** (14.1%) и **здравство** (11.8%), што упатува дека корупцијата се доживува најсилно во области што директно влијаат врз личниот развој, пристапот до можности и секојдневната интеракција со институциите.

Во родовиот сегмент за „сексуална корупција/сексторзија“, ставовите се поделени: најголем дел имаат **неутрален став** (35.7%), додека 25.9% се согласуваат, а 38.3% не се согласуваат. Овој резултат укажува на недоволна јасност и видливост на поимот, но и на потреба од внимателен, едукативен и институционално сензитивен пристап кон темата.

Во делот за ефектите врз младите, најсилно се истакнува дека корупцијата **поттикнува иселување** (63.3%) и ја **намалува мотивацијата** (48.5%), а значаен дел препознава дека создава **недоверба во институциите и демократијата** (28.5%) и придонесува кон **нормализација** (21.6%) и намален **граѓански ангажман** (21.0%). Истовремено, младите покажуваат висок потенцијал за мобилизација: 54.5% би се вклучиле активно во антикорупциски активности, а 31.0% условно („зависи од активноста“), што укажува на значајна база за практични програми и иницијативи, доколку тие се добро дизајнирани и им даваат јасна улога на младите.

Кога станува збор за најделотворни мерки, младите најголем приоритет даваат на **независно и ефикасно судство** (53.1%) и **заштита на пријавувачите** (42.3%), по што следуваат **образование и етичко воспитување** (33.4%), **транспарентност** (31.5%) и **подигнување на свеста** (28.2%). Ова покажува дека младите очекуваат пред сè **домашни институционални реформи и функционални механизми на отчетност**, а не симболични или исклучиво надворешно поддржани интервенции.

Во целина, анализата и крос-анализата на резултатите покажуваат дека младите во Северна Македонија имаат развиена свест за корупцијата како системски и институционален проблем, кој директно влијае врз нивните животни шанси, мотивација и доверба во општеството. Иако постојат разлики во перцепциите и искуствата во зависност од возраста, полот, местото на живеење и тековниот

статус, заеднички именител е изразената критичност кон функционирањето на институциите и чувството дека корупцијата ја нарушува правичноста и еднаквите можности. Истовремено, резултатите укажуваат дека младите не се пасивни набљудувачи: и покрај недовербата и негативните ефекти, постои значителен потенцијал за ангажман и подготвеност за вклучување во антикорупциски активности. Овие наоди укажуваат на потреба од системски, институционални и образовни интервенции што ќе ја зајакнат довербата, ќе го намалат ризикот од нормализација на корупцијата и ќе ја искористат подготвеноста на младите како ресурс за одржлива борба против корупцијата.

# 6 ПРЕПОРАКИ

Анализата на резултатите покажува дека младите корупцијата ја перципираат како системски проблем поврзан со политички влијанија, неефикасни институции и нарушена правичност, што директно влијае врз нивната мотивација, доверба и животни одлуки. Наодите укажуваат дека корупцијата не се доживува како изолиран или индивидуален чин, туку како структурна појава што ја ограничува еднаквоста на можности, ја поткопува институционалната легитимност и придонесува кон нормализација на неправедни практики.

Истовремено, резултатите покажуваат дека младите не се рамнодушни кон проблемот. И покрај изразената недоверба во институциите, постои јасна подготвеност за ангажман и очекување за суштински промени, особено во делот на независноста на судството, заштитата на пријавувачите и образованието. Ова создава основа препораките во ова поглавје да бидат насочени кон институционални реформи, превентивни и едукативни мерки и активирање на младинскиот потенцијал, со цел корупцијата да се адресира како долгорочен општествен проблем, а не преку ад-хок или симболични интервенции.

## *6.1. Препораки за институциите (централна и локална власт)*

### *6.1.1. Деполитизација и јакнење на институционалната автономија*

Бидејќи младите корупцијата најчесто ја поврзуваат со политички влијанија, партизација и неефикасно судство, институциите треба приоритетно да работат на реална деполитизација на процесите на одлучување. Ова подразбира јасни, транспарентни и проверливи процедури за вработување, унапредување и распределба на ресурси, особено во јавната администрација, образованието, здравството и полицијата. Перцепцијата дека институциите функционираат под политичко влијание директно ја поткопува довербата и ја зајакнува нормализацијата на корупцијата кај младите.

### *6.1.2. Фокус на институциите со директен контакт со младите*

Наодите покажуваат дека младите најчесто се соочуваат со корупција во области што имаат директно влијание врз нивниот образовен и професионален пат – образование, вработување, полиција и здравство. Институциите треба да развијат таргетирани антикорупциски мерки токму во овие сектори, вклучително и


CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives Fonds canadien d'initiatives locales
Canada
analytica thinking laboratory...

стандардизирани процедури, јасни рокови, намалување на дискреционата моќ и ефективни механизми за жалба.

### 6.1.3. Враќање на довербата преку видливи и разбирливи резултати

Фактот што значителен дел од младите немаат доверба во ниту една институција задолжена за борба против корупцијата укажува дека формалното постоење на институции не е доволно. Потребни се видливи, разбирливи и јавно комуницирани резултати. Институциите треба појасно да информираат за конкретни случаи, исходи и санкции, со цел да се намали перцепцијата на неказнивост и да се зајакне институционалниот кредибилитет.

## 6.2. Препораки за Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК)

### 6.2.1. Зајакнување на превентивната и едукативната улога

Иако ДКСК ужива релативно највисок степен на доверба во споредба со другите институции, тоа не значи дека таа доверба е висока во апсолутна смисла. Комисијата треба дополнително да ја зајакне својата превентивна функција преку систематска едукација на младите за корупцијата, нејзините појавни облици и механизмите за пријавување. Посебен акцент треба да се стави на разјаснување на нематеријалните форми на корупција, кои младите потешко ги препознаваат.

### 6.2.2. Јасна и транспарентна комуникација со јавноста

Недовербата кај младите често произлегува од чувството дека пријавите не водат кон конкретни резултати. Затоа, ДКСК треба да ја зајакне транспарентноста на својата работа преку редовно, разбирливо и младински пристапно информирање за постапките, ограничувањата и исходите од своите надлежности, со јасно објаснување на својата улога во поширокиот институционален систем.

## 6.3. Препораки за образовните институции

### 6.3.1. Систематско антикорупциско образование

Средното ниво на самооценето знаење за корупцијата укажува на јасен јаз помеѓу препознавањето на проблемот и разбирањето на неговите механизми. Образовните институции треба систематски да интегрираат антикорупциски содржини, етика и граѓанска одговорност во наставата, со фокус на реални ситуации со кои младите се соочуваат, како што се оценувањето, уписите и вработувањето.

### 6.3.2. Безбедни и доверливи механизми за пријавување

Бидејќи образованието е една од областите каде младите директно се соочуваат со корупција, училиштата и факултетите треба да воспостават јасни, доверливи и функционални канали за пријавување, без ризик од стигматизација или негативни последици за учениците и студентите.

## 6.4. Препораки за младите и младинските организации

### 6.4.1. Активирање на младите како чинители, а не само како корисници

Иако наодите покажуваат ниска доверба во институциите, истражувањето истовремено укажува на високо ниво на подготвеност кај младите за вклучување во антикорупциски активности. Овој јаз помеѓу недовербата и подготвеноста за ангажман укажува дека младите не се апатични, туку критични. Затоа, младинските политики и програми треба да ги третираат младите како активни чинители во борбата против корупцијата, а не исклучиво како пасивни приматели на пораки или кампањи.

### 6.4.2. Развој на младински антикорупциски иницијативи на локално ниво

Со оглед дека искуствата со корупција кај младите често се поврзани со локални институции (образование, вработување, полиција, административни услуги), младинските организации треба да развиваат локално засновани антикорупциски иницијативи. Ова може да вклучува локални дебати, младински форуми, граѓански акции и алатки за следење на транспарентноста на локалните институции, со цел корупцијата да се адресира таму каде што младите најдиректно ја чувствуваат.

### 6.4.3. Peer-to-peer едукација и јакнење на критичкото размислување

Средното ниво на самооценето знаење за корупцијата и високата застапеност на неутрални ставови кај одредени прашања (како што е сексуалната корупција) укажуваат на потреба од поинакви пристапи во едукацијата. Младинските организации треба да инвестираат во peer-to-peer модели, каде младите едуцираат млади, користејќи реални примери, дискусии и симулации. Ваквиот пристап може да придонесе за подобро препознавање на различните форми на корупција и за намалување на нивната нормализација.

### 6.4.4. Создавање безбедни простори за пријавување и разговор

Истражувањето покажува дека дел од младите имаат лично или индиректно искуство со корупција, но истовремено постои изразена недоверба во институционалните канали за пријавување. Младинските организации можат да играат посредничка улога преку создавање безбедни и доверливи простори за разговор, советување и упатување, каде младите ќе можат да зборуваат за своите искуства без страв од стигматизација или последици.

### 6.4.5. Поврзување на антикорупциската тема со прашања од директен интерес за младите

Наодите јасно покажуваат дека младите корупцијата ја поврзуваат со иселувањето, намалената мотивација и неправедните можности. Затоа, младинските активности не треба да ја третираат корупцијата како апстрактна правна тема, туку да ја поврзат со прашања како вработување, образование, социјална правда и иднина во државата. Овој пристап може да ја зголеми релевантноста на антикорупциските пораки и да ја зајакне мотивацијата за вклучување.


CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives Fonds canadien d'initiatives locales
Canada
analytica thinking laboratory...

## *6.5. Препораки за граѓанскиот сектор*

### *6.5.1. Продлабочување на аналитичката и мониторинг улога*

Граѓанскиот сектор треба да продолжи со систематски мониторинг на коруптивните ризици, особено во секторите што младите ги идентификуваат како најпроблематични (образование, вработување, здравство, полиција). Овие активности треба да бидат засновани на докази и податоци, со цел да се надополни младинската перцепција со аналитички аргументи и да се зајакне јавниот притисок за реформи.

### *6.5.2. Преведување на институционалните процеси во разбирлив јазик*

Еден од клучните проблеми идентификувани во анализата е чувството дека институционалните процеси се сложени, неразбирливи и далечни. Граѓанските организации можат да имаат клучна улога во „превод" на законите, процедурите и надлежностите на институциите во јасен и разбирлив јазик, особено за младата публика.

### *6.5.3. Јакнење на соработката со образовните и младинските структури*

Граѓанскиот сектор треба поинтензивно да соработува со училишта, универзитети и младински организации, со цел антикорупциските активности да не останат изолирани проекти, туку да станат дел од поширок образовен и општествен контекст. Ова е особено важно за долгорочно менување на ставовите и вредностите кај младите.

### *6.5.4. Заштита на јавниот интерес и поддршка на пријавувачите*

Со оглед на високата поддршка за заштита на пријавувачите идентификувана во истражувањето, граѓанските организации треба да продолжат да обезбедуваат правна, советодавна и психосоцијална поддршка за лицата што пријавуваат корупција. Ова е особено важно за младите, кои често се во поранлива позиција и со ограничено институционално искуство.

## *6.6. Препораки за медиумите*

### *6.6.1. Одговорно и контекстуализирано известување*

Со оглед дека значителен дел од младите ја доживуваат корупцијата преку медиумите, одговорното и аналитичко известување е од клучно значење. Медиумите треба да избегнуваат сензационализам и да придонесат кон подлабоко разбирање на системските аспекти на корупцијата, особено кога се работи за чувствителни теми како сексуалната корупција и злоупотребата на моќ.

## *6.7. Препораки за меѓународните донатори и организации*

### *6.7.1. Поддршка на долгорочни и структурни интервенции*

Меѓународните партнери треба да ја насочат поддршката кон долгорочни и одржливи програми што ги зајакнуваат домашните институции, образованието и младинското учество, наместо кон краткорочни активности. Поддршката треба да биде фокусирана на градење капацитети, институционална координација и вклучување на младите како активни чинители, а не само како корисници

## *6.8. Општа препорака*

Корупцијата, од перспектива на младите, не се перципира како изолиран или случаен проблем, туку како системска појава што директно ги обликува нивните ставови, животни одлуки и доверба во општеството. Истовремено, младите покажуваат јасна подготвеност за ангажман и промена. Институционалниот одговор треба да ја препознае оваа подготвеност како ресурс и да создаде услови во кои интегритетот, знаењето и трудот ќе бидат вреднувани, а корупцијата нема да се доживува како нормална или неизбежна појава. Потребна е промена на парадигмата — од „борба против корупцијата“ кон „градење култура на интегритет“. Младите треба да бидат не само целна група, туку **креатори и носители на решенија**. Без нивната активна улога, секој обид за реформа ќе остане институционално ограничен.

## Акционен план за имплементација на препораките

| Клучен наод | Препорака | Конкретни активности (под-акции) | Носители | Индикатори за успех | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|
| Младите ја поврзуваат корупцијата со политички влијанија и партизација | Деполитизација и јакнење на институционалната автономија | ·Транспарентни конкурси за вработување ·Јавни критериуми за унапредување ·Намалување на дискрециона моќ | Централна и локална власт | · Јавно објавени процедури ·Намален број на жалби | Среднорочно |
| Ниска доверба во институциите и перцепција на неказнивост | Видливи и комуницирани резултати во борбата против корупцијата | · Јавни извештаи за исходи ·Појаснување на надлежности и ограничувања | Влада, ЈО, судство, ДКСК | · Редовни извештаи ·Подобрена јавна информираност | Континуирано |
| ДКСК има релативно највисока доверба, но ограничен капацитет | Зајакнување на превентивната и едукативната улога на ДКСК | · Младински едукативни програми ·Јасни водичи за пријавување | ДКСК | · Број на едукативни активности ·Зголемена информираност | Краткорочно–среднорочно |
| Средно ниво на знаење и недоволно разбирање на механизмите | Систематско антикорупциско образование | · Интеграција во наставни програми ·Практични примери и симулации | Образовни институции, МОН | · Вклучени наставни содржини ·Обучени наставници | Среднорочно |
| Образованието и вработувањето како ризични области | Безбедни механизми за пријавување во образованието | · Анонимни канали · Јасни протоколи за постапување | Училишта, факултети | ·Функционални канали ·Заштитени пријавувачи | Краткорочно |
| Висока подготвеност на младите за ангажман | Активирање на младите како чинители | · Младински клубови ·Локални антикорупциски акции | Младински организации | · Број на иницијативи · Учество на млади | Континуирано |
| Индиректно искуство со корупција и нормализација | Peer-to-peer едукација и критичко размислување | · Работилници „млади за млади“ · Јавни дискусии | Младински и граѓански организации | · Број на обуки ·Подобрено препознавање на корупција | Краткорочно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Недоверба во институционалните канали | Безбедни простори за разговор и поддршка | ·Советувалишта · Упатување кон институции | Граѓански сектор | · Користење на сервисите · Упатени случаи | Среднорочно |
| Сложени и неразбирливи институционални процеси | „Превод" на политики и процедури | · Поедноставени водичи ·Инфографици | Граѓански сектор | · Достапни материјали ·Досег до млади | Краткорочно |
| Корупцијата силно се доживува преку медиумите | Одговорно и аналитичко медиумско известување | ·Контекстуализирани стории ·Избегнување сензационализам | Медиуми | · Квалитет на известување · Јавна дебата | Континуирано |
| Корупцијата како фактор за иселување и апатија | Поддршка на долгорочни, структурни програми | · Капацитети ·Институционална координација | Меѓународни донатори | · Одржливи програми ·Локална сопственост | Долгорочно |

## *Повик за акција*

Наодите од ова истражување јасно покажуваат дека младите во Северна Македонија ја препознаваат корупцијата како системски проблем што директно ги обликува нивните животни одлуки, довербата во институциите и чувството на припадност кон општеството. Истовремено, резултатите укажуваат дека младите не се апатични, туку подготвени за ангажман и промена, доколку постојат реални услови, поддршка и видливи резултати.

Затоа, борбата против корупцијата не може да се сведе на декларативни заложби или изолирани мерки. Потребен е координиран, долгорочен и инклузивен пристап, во кој институциите ќе покажат политичка волја и отчетност, образовниот систем ќе вложи во вредности и знаење, граѓанскиот сектор ќе обезбеди надзор и поддршка, медиумите ќе информираат одговорно, а меѓународните партнери ќе инвестираат во одржливи решенија.

Младите не треба да бидат само целна група, туку клучен партнер во антикорупциските процеси. Инвестирањето во нивната свест, интегритет и учество претставува инвестиција во демократската иднина на општеството. Секое одложување на суштинските реформи го зголемува ризикот од нормализација на корупцијата и губење на младинскиот потенцијал. Време е резултатите од ваквите истражувања да се претворат во конкретни, мерливи и одржливи акции.

# 7 ПРИЛОЗИ

## *7.1. Анкетен прашалник: Перцепции на младите за корупцијата*

Овој прашалник се спроведува во рамки на проектот „**Next generation against corruption: A Youth-Led Response**“, поддржан од Канадскиот фонд за локални иницијативи (CFLI). Анкетата има за цел да ги процени знаењата, ставовите, искуствата и подготвеноста на младите (15–26 години) за справување со корупцијата во општеството.

Анкетата е целосно анонимна, а сите одговори ќе бидат обработени исклучиво како збирни податоци. Резултатите ќе послужат за подготовка на препораки и активности за креаторите на политики, институциите и граѓанските организации во насока на спречување на корупцијата.

Вашето учество е доброволно, а вашето мислење е од особено значење за зајакнување на младинското учество во градење општество без корупција.

**1. Во која возрасна група припаѓате?**

- 16 – 18 години
- 19 – 22 години
- 23 – 26 години

**2. Вашиот пол:**

- Машки
- Женски
- Не сакам да одговорам

**3. Вашето место на живеење:**

- Скопје
- Гостивар
- Струмица
- Друго: ____________________

**4. Вашиот тековен статус:**

- Средношколец/ка
- Студент/ка
- Вработен/а


CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives
Canada
analytica thinking laboratory...

- Невработен/а
- Друго: ____________________

**5. Како би го оцениле вашето знаење за корупцијата? (Оценете на скала од 1 до 5)**

- 1 (Воопшто немам знаење)
- 2
- 3
- 4
- 5 (Имам одлично знаење)

**6. Кога го слушате зборот „корупција", што најмногу ви паѓа на ум? (Изберете најмногу 3 одговори)**

- Злоупотреба на моќ и позиција (користење на функција за лична корист)
- Неправедни тендери и јавни набавки
- Неправедни вработувања и влез во јавната администрација
- Купување оценки, дипломи или сертификати
- Фаворизирање / непотизам (привилегирање на пријатели или роднини)
- Манипулации во судството (осуди/ослободувања под политички или лични влијанија)
- Поткуп за административни услуги (давање пари/услуги за побрзо решавање работа)
- Сите од наведеното
- Ништо од наведеното

**7. Според вас, кои се најважните причини за корупцијата?** (Изберете најмногу 2 одговори)

- Политички влијанија и партизација на институциите
- Слабо и неефикасно судство / неказнивост
- Сиромаштија и ниски примања
- Недостаток на етика и лична одговорност кај носителите на функции
- Недоволна контрола и надзор од страна на државата
- Толеранција кон корупцијата и ниска свесност кај граѓаните
- Друго: ____________________

**8. Во кои области од општеството, според вас, корупцијата е најзастапена?** (Изберете најмногу 3 одговори)

- Судство и обвинителство
- Влада и министерства
- Општини и локална самоуправа
- Здравство (болници, клиники, домови на здравје)
- Образование (училишта, факултети)
- Полиција и безбедносни служби
- Јавни набавки и тендери
- Социјални служби и институции за помош
- Друго: ____________________

**9. Во која од следниве институции што имаат законска обврска за спречување и санкционирање на корупцијата имате најмногу доверба?**

- Судство
- Јавно обвинителство
- Полиција
- Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК)
- Влада
- Собрание
- Ниту една од наведените
- Друго: ____________________

**10. На кој начин досега сте се сретнале со корупција?**

- Лично искуство
- Преку блиски лица (семејство, пријатели)
- Само преку медиуми
- Никогаш

**11. Доколку сте се соочиле со корупција (лично или преку блиски лица), во која област било тоа?**

- Образование (оценки, дипломи, уписи)
- Вработување (конкурси, влез во администрација)
- Здравство (услуги во болници, клиники)
- Судство и обвинителство
- Полиција и безбедносни служби
- Јавни набавки и тендери
- Општински и административни услуги
- Друго: ____________________

**12. Колку сте согласни со следната изјава: „Жените почесто се изложени на ризик од т.н. 'сексуална корупција'** (барање интимни **услуги наместо пари или ресурси).“** (Оценете на скала од 1 до 5)

- 1 (Воопшто не се согласувам)
- 2
- 3
- 4
- 5 (Целосно се согласувам)

**13. Со која од следниве изјави најмногу се согласувате? (Изберете најмногу 2 одговори)**

- Корупцијата ја намалува мотивацијата кај младите, бидејќи трудот и знаењето не се вреднуваат.
- Корупцијата ги тера младите да ја напуштат државата и да бараат подобри



CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives Fonds canadien d'initiatives locales

Canada

analytica thinking laboratory...

можности во странство.
- Корупцијата создава недоверба кај младите во институциите и демократијата.
- Корупцијата ја намалува желбата на младите за активно учество во општествениот живот.
- Младите ја прифаќаат корупцијата како нормална појава во општеството.

**14. Според вас, кои мерки би биле најефикасни за намалување на корупцијата во земјава?** (Изберете најмногу 3 одговори)

- Независно и ефикасно судство
- Зголемена транспарентност на институциите
- Подобра контрола врз јавните трошоци
- Заштита и охрабрување на пријавувачите на корупција
- Подобро образование и етичко воспитување
- Поголема улога на медиумите и истражувачкото новинарство
- Поддршка од меѓународната заедница
- Подигање на свеста кај граѓаните
- Друго: ____________________

**15. Дали сте заинтересирани да се вклучите во активности со кои би придонеле во борбата против корупцијата?**

- Да, би се вклучил/а активно (активизам, волонтирање, кампањи, едукации)
- Можеби, зависи од видот на активноста
- Не, не сум заинтересиран/а

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ


## *Меѓународни извештаи и публикации*

Transparency International. (2023). ***Global Corruption Barometer: Western Balkans.***

United Nations Development Programme (UNDP). (2024). ***Youth Integrity and Accountability in South-Eastern Europe.***

Organisation for Economic Co-operation and Development (OECD). (2022). ***Building Trust and Integrity through Youth Engagement.***

European Commission. (2024). ***North Macedonia Progress Report – Rule of Law and Governance.***
Достапно на: https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf44-82318ab47e88_en

Organisation for Security and Co-operation in Europe (OSCE). (2022). ***Perceptions of Gender-related Forms of Corruption in North Macedonia – Higher Education and Public Administration.***
Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/3/c/540792.pdf

## *Национални институционални документи и извештаи*

Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). (2024). ***Годишен извештај.***

Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). (2021). ***Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021–2025.***
Достапно на: https://dksk.mk/wp-content/uploads/2023/09/Конечен-пречистен-текст-на-НС2021-2025-04082023.pdf

Собрание на Република Северна Македонија. (2019). ***Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси.***
Достапно на: https://dksk.mk/wp-content/uploads/2020/12/Закон-за-спречување-на-корупцијата-и-судирот-на-интереси.pdf

## *Истражувања и анализи на граѓански организации*

Analytica Think Tank. (2025). ***Youth and Corruption in North Macedonia – Field Findings.***

Евротинк – Центар за европски стратегии. (2024). ***Корупцијата е секојдневие за македонските граѓани.***
Достапно на: https://eurothink.mk/2024/12/24/корупцијата-е-секојдневие-за-македонските-граѓани/




CFLI/FCIL Canada Fund for Local Initiatives Fonds canadien d'initiatives locales
Canada
analytica thinking laboratory...

Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС). (2021). ***Образованието како фактор на одржлива борба против корупцијата.*** Автор: Мартина Илиевска.
Достапно на: https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/WEB-A4-Краток-документ-12-2021-Образование-како-фактор-на-одржлива-борба-против-корупција-MK.pdf

***Онлајн извори и меѓународни платформи***

Transparency International Македонија. (2024). ***Индекс на перцепција на корупцијата 2024: Погубна улога на корупцијата во кризата со климатските промени.***
Достапно на: https://transparency.mk/2025/02/11/indeks-na-percepcija-na-korupcijata-2024-pogubna-uloga-na-korupcijata-vo-krizata-so-klimatskite-promeni/

Transparency International. ***What is Corruption?***
Достапно на: https://www.transparency.org/en/what-is-corruption

United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC). ***What is Corruption?***
Достапно на: https://www.unodc.org/corruption/en/learn/what-is-corruption.html

United Nations. ***United Nations Convention against Corruption (UNCAC).***
Достапно на: https://www.unodc.org/documents/brussels/UN_Convention_Against_Corruption.pdf

Council of Europe – Group of States against Corruption (GRECO).
Достапно на: https://www.coe.int/en/web/greco

Подготвено од Аналитика тинк тенк, Скопје 2026 година.